# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.51 од 31.03.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13 и 163/13), во членот 32 ставот (5) се менува и гласи:

„Пред издавање на дозволата од ставот (1) на овој член, вработен од надлежниот орган за вршење на стручни работи во областа на животната средина, кој ја води постапката за издавање на дозволата, врши увид на самото место за утврдување на исполнетоста на условите за добивање на дозволата согласно со овој закон и прописите кои произлегуваат согласно со овој или друг закон."

Во ставот (9) бројот „30" се заменува со бројот „15".

**Член 2**

Во членот 32-б во ставот (2) бројот „30" се заменува со бројот „15".

**Член 3**

Во членот 45-а во ставот (2) бројот „30" се заменува со бројот „15".

**Член 4**

Во членот 66 ставот (4) се менува и гласи:

„Дозволата за собирање и за транспортирање на опасен отпад се издава за временски период од десет години. Рокот на важноста на дозволата може повеќекратно да се обнови."

Во ставот (6) зборовите: „ во согласност со министерот за транспорт и врски" се бришат.

**Член 5**

Во членот 134 во ставот (8) зборот „осум" се заменува со бројот „15".

**Член 6**

Дозволите за собирање и транспортирање на опасен отпад издадени пред денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до истекот на рокот за кои биле издадени.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".